Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното:**

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

### Јавна анкета и јавна презентација

на предлог урбанистички план за село Волково, Општина Ѓорче Петров - Скопје

Планскиот опфат го опфаќа селото Волково, Општина Ѓорче Петров, на подрачјето на КО Волково, дефиниран со следни граници на плански опфат:

**Југ:** Границата започнува од најјужната точка на КП 3889, КО Волково, оди кон исток по јужните граници на КП 3888, 3887/2, 3887/1, 3886/2, 3886/1, 3890, 3892, 3893, 3895, 3596, 3897, 3907/1, 3909, 3910, 3911, 3912, 3913, 3915, 3917, 3919, продолжува кон исток по границата со Општ акт за Ново Село, се до железничката пруга Г-Р (Скопје – Ѓорче Петров – Волково – државна граница);

**Југо-исток:** свртува кон северо-исток по оската на железничката пруга се до ул.„60" во Волково, оттука свртува кон исток по границата на ГУП, ја сече КП 4464 се до најјужната точка на КП 1093, продолжува кон северо-исток по јужната и источната граница на КП 1093, по источната граница на КП 1092, свртува кон исток, ја сече КП 973, 4463, 972 и 4433/6, свртува кон север по источната граница на КП 4433/6 се до северната граница на КП 971;

**Север:** оттука свртува кон запад по границата со КО Орман се до железничката пруга Г-Р (Скопје – Ѓорче Петров – Волково – државна граница), преминува преку пругата и свртува кон југ по источните граници на КП 5, 6, 7, 8, 9/1, 9/2, 9/3, 10 и 11, свртува кон северозапад по северната граница на КП 4458 се до источната граница на КП 28, продолжува кон запад по северната граница на КП 28, 29/1 и 29/2 се до КП 36 (јаз), врти кон север по источната граница на КП 36 се до западната граница на КП 31/1, минува преку јазот и продолжува кон север по западната граница на КП 4450 се до границата со КО Орман, свртува кон северо-запад по границата со КО Орман се до јужната граница КП 80, врти кон југо-запад по северо-западната граница на КП 79/1, ја сече КП 3/1 и КП 3/2, повторно ја сече КП 3/2, оди по северо-западните граници на КП 101/1 и 101/3, минува преку КП 4428/1 и свртува кон југ до тромеѓето на КП 148, КП 147/1 и КП 139/2, врти кон северо-запад по северната граница на КП 147/1, ги сече КП 147/2 и 3/1, продолжува кон запад до КП 4429/1, оттука свртува кон југо-запад, ги сече КП 4429/1, 4452/1 и 181/1 се до најсеверната точка на КП 150/2, продолжува кон југо-запад по западните граници на КП

150/2, 150/1, 151, 152, 177/2, 176, 175/2, ја сече КП 326 и продолжува кон запад по северните граници на КП 319/3, КП 319/2, 319/1, 317/1 и 318, минува преку автопатот А2 – северна скопска обиколница и продолжува по северо-источните граници на КП 193 и 185, се до тромеѓето на КП 193, 198 и 196/2;

**Запад:** свртува кон југ по источната граница на КП 195, ја сече КП 271/1 и по нејзината јужна граница оди до оската на автопатот А2 – северна скопска обиколница, оттука свртува кон југ по оската на обиколницата се до прекршната точка бр.358 (од графичкиот опис со координати), врти кон југо-исток по југо-западната граница на КП 4442 се до најсеверната точка од КП 1997, врти по нејзината северо-западна и југо-западна граница, ја сече КП 4470 и по јужната граница на КП 2129 оди до КП 4469 (пат), свртува кон југ и по западната граница на КП 4469 оди до КП 4472, продолжува кон југо-запад по источната граница на УПВНМ Клучка Стопански двор, се до почетната точка.

**Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 328,16ха.**

Јавната анкета ќе трае **12 работни дена од 07.09.2017 година до 25.09.2017 година**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила **„Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk**.

Во периодот на јавната анкета, предлог урбанистичкиот план за село Волково, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на **МЗ Волково, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.**

Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Јавна презентација со стручно презентирање на планот **за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 14.09.2017 година (четврток) во 13.00 часот во просториите на МЗ Волково**, додека јавна презентација со стручно презентирање на планот **за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 14.09.2017 година (четврток) во 15.00 часот во просториите на МЗ Волково**.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица може да доставаат забелешки на анкетните листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број .09-2527/2**
**Од 05.09.2017год.**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Општина Ѓорче Петров